# Барање на информација од јавен карактер (2)

4

[illegible]

Tue 5/10/2022 10:56 AM

To:Gzime Asani <Gzime.Asani@mnavigation.mk>;

| |
|---|
| CAUTION: This email originated from outside of the organization. Do not click links or open attachments unless you recognize the sender and know the content is safe. |
| VNIMANIE: Ne otvorajte prilozi i linkovi dokolku ne Vi e poznat isprakacot ili dokolku sodrzinata Vi e somnitelna. |

Почитувани,

Освен листата на летови за бараниот ден, Вие ми приложивте и одговор на другите прашања гледани од метеоролошки аспект. Јас ви се обратив Вам и на вашите стручни лица бидејќи сериозноста на функциите кои ги извршувате согласно ревидираниот закон (како и претходниот) за контрола на воздухопловство, наложуваат да располагате не само со информации и податоци во врска со авионите, со материјалите/продуктите кои ги транспортираат но и со тоа "што" ослободуваат авионите во воздухот. Благодарност за опсежниот одговор и професионалниот пристап.

Ве молам за одговор на следниве прашања:

1. Дали во авиосообраќајот во Македонија воопшто до сега, согласно вашето следење, контрола и евиденција, единствените траги кои зад себе ги оставаат авионите можат да бидат оние од горивата? Доколку одговорот е негативен, во кои случаи се испуштале други материи и за која цел?

2. Дали ја разбирате вашата законска одговорност во случај на други активности во авиосообраќајот кои не соодвествуваат со "испуштање на гориво" при користење на нашиот воздушен простор, а притоа, вие, согласно вашите ингеренции и стручна спремност не сте ги евидентирале и пријавиле?

3. Дали доколку од ваша страна биде забележана таква појава, која не соодветствува со основните и официјално потврдени принципи на функционирање на авионите во однос на испуштање на горивата, би спровеле соодветна истрага и со користење на која методологија би се одвивала истата?

4. Наведете ги сите сектори во вашата агенција односно во колку одделни сектори се распределени сите ваши вработени и кратките cv-а или кратко наведете со каква стручна спремност располагаат вработените во оваа област, за која дискутираме.

5. Кои се стручните лица од секторот за безбедност при Метеоролошкиот завод кои го изготвија одговорот, односно решението кое ми го доставивте во Март (име, презиме, струка/професија)

Надлежните во УХМР одговорија дека трагите од авионите се кондензациски и се појавуваат при ведро време во ладен и влажен воздух.
Според официјални податоци појавувањето на трагите зависи и од висината на летање иако Секторот за безбедност во решението наведе дека на секоја висина можат да се појават. На 4ти Мај се забележани многу авиони, како и секој ден, кои сигурно летаат на различна висина, но ниту еден, ниту еднаш не остави трага. Ве молам наведете ги сите достигнати висини на летање на авиони тој ден (од-до).

Ве молам испратете барање до соодветниот сектор при UHMR:

Да ја објаснат разликата во временските услови на 4ти Мај кога цел ден од утро до вечер не беше забележана ниту една трага без разлика на висината на летање и овие на 9ти Мај кога трагите ги има во огромен број, евидентни се цел ден, а меѓу нив прелетуваат авиони кои воопшто не оставаат траги исто така евидентирани со видео материјали. Каква

е температаурната разлика меѓу овие два дена, влажноста и сите други релевантни параметри.

За ваша лична едукација и подобра информираност, споделувам научен труд односно студија објавена пред две години во реномираниот Journal of Geography, Environment and Earth Science: International https://journaljgeesi.com/index.php/JGEESI/article/view/30199?fbclid=IwAR2X5EmL5Nsyj-45Eyyollpv2ONgjSvHZdb27RryCF5ugpiGRZho9vQE_SE заради која молам нашата комуникација да продолжи , бидејќи интересот за заштита на животната средина и заштита на иднината на нашите деца пред се е одговорност на сите нас.

Благодарам,

[illegible]новска

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 10-660/2
17.05 20 22 год-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, преку Извршниот директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции, во согласност со Одлуката на Управниот одбор бр. 02-363/13 од 23.03.2022 година постапувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер на Барателот доставено преку е-пошта на лицето за посредување со информации од јавен карактер Gzime.Asani@mnavigation.mk во „М-НАВ" А.Д. - Скопје на 10.05.2022 година, врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 17 став (4) од Статутот на Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 - Пречистен текст), на ден 17.05.2022 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Барате ратено е-адресата на лицето за посредување со информации од јавен карактер Gzime.Asani@mnavigation.mk во „М-НАВ" А.Д. - Скопје на 10.05.2022 година, СЕ УСВОЈУВА.

2. На Барателот Милена Симоновска и се даваат бараните информации од јавен карактер и врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а согласно содржината на барањето, во врска со бараните информации во прашањата под реден број 1, 2 и 3, со кои не располага Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, Барањето е препратено до надлежните институции.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Барателот до Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје преку е-пошта на лицето за посредување со информации од јавен карактер Gzime.Asani@mnavigation.mk во „М-НАВ" А.Д. - Скопје на 10.05.2022 година има поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер со кое бара да и се достави одговор на следниве прашања:

„1. Дали во авиосообраќајот во Македонија воопшто до сега, согласно вашето следење, контрола и евиденција, единствените траги кои зад себе ги оставаат

авионите можат да бидат оние од горивата? Доколку одговорот е негативен, во кои случаи се испуштале други материи и за која цел?

2. Дали ја разбирате вашата законска одговорност во случај на други активности во авиосообраќајот кои не соодвествуваат со "испуштање на гориво" при користење на нашиот воздушен простор, а притоа, вие, согласно вашите ингеренции и стручна спремност не сте ги евидентирале и пријавиле?

3. Дали доколку од ваша страна биде забележана таква појава, која не соодветствува со основните и официјално потврдени принципи на функционирање на авионите во однос на испуштање на горивата, би спровеле соодветна истрага и со користење на која методологија би се одвивала истата?

4. Наведете ги сите сектори во вашата агенција односно во колку одделни сектори се распределени сите ваши вработени и кратките cv-a или кратко наведете со каква стручна спремност располагаат вработените во оваа област, за која дискутираме.

5. Кои се стручните лица од секторот за безбедност при Метеоролошкиот завод кои го изготвија одговорот, односно решението кое ми го доставивте во Март (име, презиме, струка/професија)

Надлежните во УХМР одговорија дека трагите од авионите се кондензациски и се појавуваат при ведро време во ладен и влажен воздух.
Според официјални податоци појавувањето на трагите зависи и од висината на летање иако Секторот за безбедност во решението наведе дека на секоја висина можат да се појават. На 4ти Мај се забележани многу авиони, како и секој ден, кои сигурно летаат на различна висина, но ниту еден, ниту еднаш не остави трага. Ве молам наведете ги сите достигнати висини на летање на авиони тој ден (од-до).

Ве молам испратете барање до соодветниот сектор при UHMR:

Да ја објаснат разликата во временските услови на 4ти Мај кога цел ден од утро до вечер не беше забележана ниту една трага без разлика на висината на летање и овие на 9ти Мај кога трагите ги има во огромен број, евидентни се цел ден, а меѓу нив прелетуваат авиони кои воопшто не оставаат траги исто така евидентирани со видео материјали. Каква е температаурната разлика меѓу овие два дена, влажноста и сите други релевантни параметри.

За ваша лична едукација и подобра информираност, споделувам научен труд односно студија објавена пред две години во реномираниот Journal of Geography, Environment and Earth Science: International https://journaljgeesi.com/index.php/JGEESI/article/view/30199?fbclid=IwAR2X5EmL5Nsyj-45Eyyollpv2ONgjSvHZdb27RryCF5ugpiGRZho9yQE_SE
заради која молам нашата комуникација да продолжи , бидејќи интересот за заштита на животната средина и заштита на иднината на нашите деца пред се е одговорност на сите нас.“

Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје, постапувајќи по поднесеното Барање за слободен пристап до информациите од јавен карактер, а

во насока на одговор на побараните информации, го известува барателот за следните одговори:

Во врска со прашањето под реден број 1: Дали во авиосообраќајот во Македонија воопшто до сега, согласно вашето следење, контрола и евиденција, единствените траги кои зад себе ги оставаат авионите можат да бидат оние од горивата? Доколку одговорот е негативен, во кои случаи се испуштале други материи и за која цел?

- Согласно сознанија на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје одговорот е НЕ, во последините две години се врши авионско засејување на облаците против град (со сребро јодит). Ова засејување е само кога има услови за развој на градоносни облаци и се дејствува само во тој регион кој е засегнат.
За таа активност потребно е обраќање до Управата за хидрометеоролошки работи како надлежна институција, за што согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Барањето е препратено до надлежната институција;

Во врска со прашањето под реден број 2: Дали ја разбирате вашата законска одговорност во случај на други активности во авиосообраќајот кои не соодвествуваат со "испуштање на гориво" при користење на нашиот воздушен простор, а притоа, вие, согласно вашите ингеренции и стручна спремност не сте ги евидентирале и пријавиле?

- Согласно Законот за воздухопловство , „М-НАВ“ А.Д. – Скопје е Давател на услуги во воздушниот сообраќај. „М-НАВ“ А.Д. – Скопје нема такви законски ингеренции. За ова прашање потребно е обраќање до Министерството за транспорт и врски и до Агенцијата за Цивилно Воздухопловство, согласно што Барањето е препратено до надлежните институции;

Во врска со прашањето под реден број 3: Дали доколку од ваша страна биде забележана таква појава, која не соодветствува со основните и официјално потврдени принципи на функционирање на авионите во однос на испуштање на горивата, би спровеле соодветна истрага и со користење на која методологија би се одвивала истата?

- За спроведување или пријавување на вакви случаи потребно е обраќање до Агенцијата за цивилно воздухопловство, согласно што Барањето е препратено до надлежната институција;

Во врска со прашањето под реден број 4: Наведете ги сите сектори во вашата агенција односно во колку одделни сектори се распределени сите ваши вработени и кратките cv-а или кратко наведете со каква стручна спремност располагаат вработените во оваа област, за која дискутираме.

- Достапно за цела јавност на веб страна https://mnavigation.mnav.info/?page_id=3867 поставени се Правилник за внатрешна огранизација, Правилник за систематизација и Огранограм, согласно кои може да се види внатрешна огранизација на Друштвото, впрочем тоа е и целта на објавувањето на наведените документи со цел лицата што се заинтересирани да прочитаат и да се запознаат со информациите кои што ги интересираат.

Во врска со прашањето под реден број 5: Кои се стручните лица од секторот за безбедност при Метеоролошкиот завод кои го изготвија одговорот, односно решението кое ми го доставивте во Март (име, презиме, струка/професија)?

- Во Решението бр. 10-380/1 пратено на 28.03.2022 како одговор на Вашето Барање пратено на 15.03.2022година, информациите околу метеорошкиот феномен кој што Вас ве засега се обезбедени од вработени во одделението за метеоролошко обезбедување на воздушна пловидба/МЕТЕО служба при М-НАВ АД Скопје, каде се вработени дипломирани инженери метеоролози со 30 годишно работно искуство во областа на метеорологијата.

На 04 Мај од емаграмот за Скопје се гледа дека на висина има многу јак ветар и мала влага кои услови не се поволни за формирање на кондензациони траги, што може да се види од состојбата на атмосферата прикажана на емаграмот даден во Прилог 1.

На 09 Мај метеоролошкиоте услови биле поволни за формирање на кондезациони траги што може да се види од состојбата на атмосферата прикажана на емаграмот даден во Прилог 2. Тој ден ветерот бил многу слаб и на висина и во приземје, а влагата на ФЛ 300 била преку 50 %.

Во однос на искажаната грижа за лична едукација и подобра информираност на Друштвото, укажуваме дека вработените во Одделението за метеоролошко обезбедување на воздушна пловидба/МЕТЕО при „М-НАВ" АД Скопје имаат соодветно образование за работното место каде што се поставени, по насока метеорологија, соодветни дозволи за работа во согласност со меѓународните регулативи, препорачани практики на ICAO, Eurocontrol и многу други меѓународни организации во авијацијата, тие редовно посетуваат обуки за новитетите во опремата за временска и хидрометеоролошка прогноза, мерење и анализа, инструменти и обуки за освежување на нивното знаење.

Врз основа на се погоренаведено, се донесе Решение како во диспозитивот.

Извршен директор за финансиски
работи, правни работи, развој и
инвестиции
Drejtor Ekzekutiv për çështje financiare,
ligjore, zhvillim dhe investime

Migjen Salmani

**Службено лице за посредување**
**При остварување на правото на**
**слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Gzime Asani**

Правна поука: Против ова Решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Доставено до:
- Барател на информација;
- документација;
- архива

*Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација*

*Shoqëri aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë dhënie të shërbimeve të navigacionit ajror*

М-НАВ

М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr 10-660/1
17-05 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:**

**Министерство за транспорт и врски**

**УХМР – Управа за хидрометеоролошки работи**

**Агенција за цивилно воздухопловство**

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

**ПРЕДМЕТ :** Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со Барањето за информации од јавен карактер доставено од страна на [illegible] на 10.05.2022 година, бидејќи М-НАВ АД Скопје не располага со бараната информација . согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, во прилог Ви го доставуваме истото на Ваша надлежност, според содржината на Барањето.

Со почит,

Извршен директор на сектор за финансиски, правни работи, развој и инвестиции
Drejtor Ekzekutiv për cështje financiare, ligjore, zhvillim dhe investime

Член на Управен Одбор/Anëtar i Këshillit Drejtues

Migjen Salmani

"Босфор" Бр. 7, Мралино, Илинден
Република Северна Македонија
Тел. +389 2 3148100 Факс: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk

"Bosfor" Nr. 7,Mralino, Ilinden
Republika e Maqedonisë së Veriut
Tel: +389 2 3148100 Fax: +389 2 3148239
E-mail: info@mnavigation.mk